Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-372/3
19-08-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 372/2 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа образование, политичка припадност, личен и општествен статус и други уверувања во работа и работни односи против Министерството за одбрана, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.08.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08 – 372/2 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа образование, политичка припадност, личен и општествен статус и други уверувања во работа и работни односи против Министерството за одбрана, заради поведена судска постапка за заштита од дискриминација за истата правна работа, согласно член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На 06.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од Скопје за заштита од дискриминација врз основа образование, политичка припадност, личен и општествен статус и други уверувања во работа и работни односи против Министерството за одбрана.

По разгледувањето на претставката и списите во прилог кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација увиде дека за истата правна работа подносителот на претставката ја известил Комисијата дека повел судска постапка за заштита од дискриминација. Имено, подносителот на претставката на 16.03.2022 година ја известил Комисијата дека поднел тужба до Граѓанскиот суд Скопје, заведена под бр. I РО 949/22 за заштита од дискриминација. Тужбата е поднесена против Министерството за одбрана, како работодавач на тужителот, додека предмет на тужбата е дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на лично својство и општествен статус, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Воедно, во истиот допис, заверен под бр. 08-169 од 16.03.2022, подносителот побарал од Комисијата да се вклучи како замешувач во судската постапка на страна на тужителот. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 01.04.2022 достави барање за замешување во споменатата судска постапка за заштита од дискриминација на страна на тужителот [redacted]. Имајќи го предвид наведеното, Комисијата заклучи дека се исполнети законските услови од член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата

работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.

Дополнително, разгледувајќи ја претставката и списите од претставката Комисијата утврди дека веќе постапувала по поднесената претставка. Имено, подносителот [redacted] на 31.03.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставил претставка за заштита од дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи против Министерството за одбрана. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по поднесената претставка на 01.12.2021 донесе мислење бр. 0801-37/13 со кое се утврдува вознемирување кон [redacted] врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на непосредно претпоставените лица во хиерархиска поставеност во Министерството за одбрана. Разгледувајќи ги списите и донесеното мислење од предметот бр. 0801-37 од 01.12.2021 и наводите и прилозите кон претставката бр. 08-169 од 16.03.2022, Комисијата заклучи дека веќе постапувала за истата правна работа. Согласно тоа, Комисијата заклучи дека се исполнети и законските услови од член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја запре постапката по претставката бр. 08 – 372/2 од 06.07.2022 година.

Скопје
19.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за одбрана, ул. Орце Николов бр. 116, Скопје